БАРАЊЕ ЗА ПОНУДА

ЗА

# **ИНЖЕНЕРСКИ, НАБАВНИ И ГРАДЕЖНИ РАБОТИ ЗА 12 MW ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА**

| | |
|---|---|
| Дата на објавување | Вторник 14.02.2023 |
| Датум и време на затворање | Среда 07.03.2023 |
| Адреса за поднесување понуди | ОКТА АД Скопје,<br>1 ул. Бр.25, Миладиновци<br>Поштенски фах 66<br>1000 Скопје,<br>Република Северна Македонија<br>За г.Александар Димитриевски, г. Тони Вељановски |

| ЗАБЕЛЕШКА ДО УЧЕСНИЦИТЕ: |
|---|
| При поднесувањето, Учесниците се согласуваат да се придржуваат кон условите на Барањето за понуда.<br>Сите информации обезбедени од ОКТА АД треба да се третираат како приватни и доверливи и нема да се користат за други цели освен за учество во оваа постапка за прибирање на понуди<br>Алтернативните понуди нема да бидат прифатени. |

## Содржина

**СОДРЖИНА** .......... **2**

**ПОИМНИК** .......... **3**

1 ВОВЕД .......... 4
2.1 ОПШТО .......... 4
2.2 ПОСЕТА НА ГРАДИЛИШТЕТО .......... 5
3 ПРЕДМЕТ НА ПОСТАПКАТА / БАРАЊЕТО .......... 6
4 ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ .......... 7
*4.1 Време и датум .......... 7*
*4.2 Место на поднесување .......... 7*
*4.3 Подготовка и поднесување на понуди .......... 7*
*4.4 Јазик .......... 13*
*4.5 Валидност на понудите .......... 13*
*4.6 Интегритет на понудата .......... 13*
*4.7 Доверливост на процесот .......... 14*
*4.8 Измена и отповикување на понудите .......... 14*
5 ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОНУДАТА И ИЗБОР .......... 14
*5.1 Отворање на понудите .......... 14*
*5.2 Процес на евалуација .......... 14*
*5.3 Преговори .......... 16*
*5.4 Известување за избор на најповолна понуда .......... 16*
6 ПРАВИЛА И УСЛОВИ .......... 16
*6.1 Временски распоред на ПРОЕКТОТ .......... 16*
*6.2 Цени .......... 16*
*6.3 Услови за фактурирање и плаќање .......... 17*
*6.4 Гаранција за добро извршување .......... 17*
*6.5 Договорна казна .......... 18*
*6.6 Осигурително покритие .......... 18*
*6.7 Општи услови на договорот .......... 19*
*6.8 Гаранција / Гарантен период .......... 19*
*6.9 Услови на постапката .......... 19*
*6.10 СПИСОК НА ПРИЛОЗИ .......... 23*

**ПОИМНИК**

**„РАБОТОДАВАЧ“, „ИНВЕСТИТОР“ или „ОКТА АД“** значи ОКТА АД.

**„УЧЕСНИК(ЦИ)“ или „ПОНУДУВАЧ(И)“** значи друштва или група на друштва кои се поканети да дадат понуда за извршување на работите што се предмет на ова Барање за понуда.

**„ТЕНДЕР“ или „БАРАЊЕ“** значи постапката која започнува со испраќање на тендерската документација / Барањето до учесниците и која завршува со доделување/потпишување на договорот.

**„ОБЕМ НА РАБОТА“ или „РАБОТИ“** се сите работи кои се барани во рамките на барањето за понуди.

**„КОТАЦИЈА“ или „ПРЕДЛОГ“ или „ПОНУДА“** значи Понудата поднесена од Учесник како одговор на Барањето за понуда за набавка на опрема и/или работи кои се предмет на ова Барање за понуда.

Понудата се состои од Документи за учество, Техничка понуда и Финансиска понуда.

**„ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ“ или „ИЗВЕДУВАЧ“ или „НАБАВУВАЧ“** значи Учесникот или Понудувачот чија Понуда е избрана за најповолна.

**„ГРАДИЛИШТЕ“** значи објект на ИНВЕСТИТОРОТ („Градилиште“) кое се наоѓа во Скопје, Северна Македонија.

**„ДОГОВОР“** значи Договорот кој ќе биде изготвен, договорен и потпишан помеѓу ИНВЕСТИТОРОТ и ИЗВЕДУВАЧОТ како резултат на Тендерот.

**„ПРОЕКТ“** е целина од комплетна инженерска работа, изградба, пуштање во употреба, стартување, вклучувајќи ги сите релевантни дозволи, целосно лиценцирани од локалните власти, на 12 MW фотоволтаична централа во сопственост на ИНВЕСТИТОРОТ (во понатамошниот текст ФВЦ).

# 1 ВОВЕД

ОКТА е најголемиот снабдувач на гориво во Република Северна Македонија, кој ги покрива потребите на пазарот со висококвалитетни производи кои ги задоволуваат најновите локални и европски стандарди.

Основано во 1978 година, друштвото е лидер во областа на трговијата, снабдувањето и дистрибуцијата на нафтени деривати во регионот. Како дел од една од најголемите групации во енергетскиот сектор - HelleniQ Energy Group, ОКТА постојано воведува интернационални вештини, иновативни решенија и врвни технолошки трендови.

Почнувајќи од јануари 2013 година, како одговор на промените на глобалниот пазар на нафта, ОКТА успешно се трансформира од рафинерија во брзо-растечко, логистичко и трговско друштво фокусирано на своите клиенти.

Преку големо-продажбата, ОКТА опслужува голем број на клиенти во земјата и регионот, од мали претпријатија до големи индустриски капацитети и владини институции. Благодарение на долгогодишното искуство и лидерството на пазарот, друштвото има развиено врвен логистички систем кој овозможува брзо и сигурно снабдување со гориво на своите клиенти.

Малопродажната мрежа на ОКТА се состои од модерни бензински пумпи распространети низ целата земја кои нудат висококвалитетни производи и услуги за крајните корисници.

Во 2018 година, како модерно енергетско друштво, ОКТА го прошири своето портфолио со производство на електрична енергија од обновливи извори, како и снабдување и управување со енергија за своите корисници.

Имајќи ја безбедноста како прв приоритет, ОКТА е посветена на продолжување на својот бизнис постапувајќи етички и одговорно кон општеството и животната средина.

Повеќе информации за ОКТА може да најдете на: https://www.okta-elpe.com/en/

## 2.1 ОПШТО

Ова Барање за понуда е упатено до друштва кои се избрани од ОКТА АД како и друштвата кои пројавиле интерес на јавниот оглас, со цел да учествуваат во постапката за изведување на соодветните работи.

Ова барање за понуда се испраќа до учесниците: а) по е-пошта и б) преку “web transfer” или CD, за оние документи кои содржат голема количина на податоци.

Доколку на учесниците им се потребни дополнителни информации или појаснувања од ОКТА АД за да ја пополнат понудата, контакт лица се:

| Александар Димитриевски<br>Менаџер за набавки на ОКТА<br>Тел: +389 76 221-838<br>Е-пошта: adimitrievski@helpe.gr | Тони Вељановски<br>Раководител во набава на ОКТА<br>Тел: +389 76 344-493<br>Е-пошта: tveljanovski@helpe.gr |
|---|---|

Се молат Учесниците да се изјаснат за прифаќање на ова Барање за понуда и да ја изразат својата намера да за учество во постапката со своја понуда ***најдоцна во рок од пет (5) дена*** од објавување на ова барање.

ОКТА АД нема да им ги надомести трошоците што учесниците ќе ги направат во врска со изготвување на својата понуда за оваа постапка.

Сите информации обезбедени од ОКТА АД треба да се третираат како строго доверливи и нема да се користат за други цели освен за учество во оваа постапка за прибирање на понуди.

Алтернативните понуди нема да бидат прифатени.

## 2.2 ПОСЕТА НА ГРАДИЛИШТЕТО

Посетите на локацијата по соодветните барања на друштвата учесници ќе се одржат на **23.02.2023 година (четврток)** . ОКТА АД Скопје навремено (најмалку три дена однапред) ќе ги информира сите заинтересирани друштва за точниот датум и време на посетата.

Учесниците на своја одговорност ќе обезбедат достапност на нивните претставници кои сакаат да ја посетат локацијата. Тие треба да се усогласат со програмата на ОКТА АД Скопје.

Спреченоста за учество во посетата на локацијата ќе се смета дека е по вина на претставниците на учесникот и посетата нема да се презакажува.

ОКТА го задржува правото да ги дисквалификува понудувачите кои нема да учествуваат во посетите на локацијата.

Лица за контакт за планирање на посетите се:

| г-ѓа Бекаровска Елеонора<br>Тел: +389 75 475-598<br>Е-пошта: ebekarovska@helpe.gr<br>г-ѓа Маја Бојаџиевска<br>Тел: +389 70 754-428<br>Е-пошта: mbojadzievska@helpe.gr | Cc:<br>г-дин Јаневски Ристо<br>Тел: +389 75 219-338<br>Е-пошта: rjanevski@helpe.gr |
|---|---|

Понудувачот и неговите претставници мора да добијат дозвола од ОКТА за влез во нејзините простории за целта на посетата на локацијата. Секоја посета на локацијата ќе биде одобрена и договорена со лицата за контакт наведени во ова барање за понуда.

Понудувачот, и неговите претставници ќе ги ослободат и обештетат ОКТА и нејзиниот персонал, од и против, било каква одговорност поврзана со посетата, и ќе бидат целосно одговорни за смрт или лична повреда, загуба или оштетување на имотот и секоја друга загуба, штета или трошок причинет на било која поврзана или неповрзана страна, а кои ќе настанат како резултат на посетата.

## 3 ПРЕДМЕТ НА ПОСТАПКАТА / БАРАЊЕТО

Предмет на ова Барање е избор на ИЗВЕДУВАЧ од страна на ОКТА АД кој ќе изведе инженерски работи, набавка и изградба (**ЕРС Изведувач по принципот „клуч на рака“**), а кој ќе биде одговорен за (вклучително, но не ограничувајќи се на):

- Изработка на ОСНОВЕН ПРОЕКТ, вклучително и електронско посредување при издавањето градежни дозволи во општината и/или надлежните министерства.
- Градежни работи за подготовка на земјиштето, согласно АНЕКС 6 - Елаборат од изведени геомеханички истражни работи на локација предвидена за изградба на фотоволтаични модули во кругот на Рафинерија ОКТА;
- Изработка на Детален проект
- Набавка на опрема и материјал (т.е. модули, инвертори, трафостаница, кабли итн.)
- Инсталација на опремата
- Пуштање во употреба и стартување, обука на персоналот
- Издавање на дозвола за работа (или друга дозвола)
- Издавање на проект за изведена состојба.
- Гаранција за добра изведба и производство согласно АНЕКС 1 (ОПШТА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА АНЕКС 3)
- Одржување на централата за период од 2 години (гаранција) + 3 години во согласност со АНЕКС 1 (ОПШТА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА АНЕКС 2)

ОКТА ќе ангажира независно лиценцирано друштво за да подготви извештај за ревизија што ќе му претходи на “Примопредавањето”, во согласност со одредбите на локалното законодавство. ОКТА исто така го задржува правото, по изборот на Изведувач, да ангажира консултант од областа на енергетиката кој ќе биде задолжен за следење на процесот на изградба на Фотоволтаичната централа и контрола на сите активности на ЕРС изведувачот поврзани со набавката на опремата, инсталација на опремата и пуштање во употреба на Фотоволтаичната централа.

## 4 ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ

### 4.1 Време и датум

**Понудите треба да стигнат до адресата за поднесување понуда (§4.2) до 14:00 часот по локално време (Северна Македонија) на 07.03.2023 (краен датум).**

Сите документи треба да се испратат навремено, како препорачана пошта, курирска услуга или рачна достава, земајќи ги предвид можните доцнења на поштата. Понудите кои ќе пристигнат со задоцнување нема да се разгледуваат.

Предлозите треба да бидат во целосна согласност со условите на ова барање за понуда.

ОКТА АД го задржува правото да го продолжи крајниот рок во секое време пред крајниот рок.

Доколку ОКТА АД го продолжи крајниот рок во согласност со овој дел, тогаш:

1. Ова Барање за понуда се смета за соодветно изменето;
2. Доколку Учесникот ја доставил својата понуда, може да побара од ОКТА АД, во рок од два (2) работни дена по добивање на писменото известување за продолжување на рокот веднаш да ја врати понудата;
3. Доколку Учесникот не поднесе такво барање, ќе се смета дека ја поднел својата понуда врз основа на продолжениот рок.

### 4.2 Место на поднесување

Понудите треба да се достават на следната адреса:

**ОКТА АД Скопје,**

**ул. 1 Бр.25, Миладиновци**

**П. фах 66**

**1000 Скопје,**

**Република Северна Македонија**

### 4.3 Подготовка и поднесување на понуди

Понудата на секој учесник мора да биде подготвена во целосна сообразност и да биде целосно во склад со во барањата на Тендерската документација како целина и мора да се достави во затворен коверт на кој се наведени следните податоци:

- Насловот „ **ДА НЕ СЕ ОТВОРА! БАРАЊЕ ПОНУДА БРОЈ 2512/22“**
- Името и адресата на учесникот
- Името и телефонскиот број на неговиот овластен претставник, докажани со соодветен документ

**Учесникот мора да достави целосни технички и финансиски понуди за обемот, како што е опишано во член 3 ( Предмет на барањето за понуда).**

Затворениот коверт ќе содржи други ***два (2) посебно затворени коверти*** и тоа:

a. Коверт А: „Документи за учество и техничка понуда“

b. Коверт Б: „Финансиска понуда“

Понудите доставени во отворени и незапечатени коверти нема да бидат прифатени од ОКТА АД .

Содржината на ковертите е детално опишана подолу. Понудите кои не се доставени во согласност со овие упатства нема да бидат прифатени.

**Коверт А : „Документи за учество и техничка понуда“**
Ковертот А ги содржи следните документи:

## А1. Документи за учество

### А1.1 Детали за учесникот

Учесниците ќе ги достават следните информации, заедно со скенираните оригинали или заверените копии од документите (каде што е потребно):

1. Име на друштвото и правна форма.

**Особено е нагласено дека доставување на понуди од партнерски здружени друштва со заедничко вложување (Joint Ventures), нема да бидат прифатени .**

2. Адреса на седиштето на друштвото, телефонски број, број на факс.
3. Профил на друштвото, датум на основање, детали за опремата и услугите кои ги нуди; организациона, административна и корпоративна структура, врски со владејачкото друштво и поврзаните друштва (ако такви постојат).
4. Изјава за назначување на овластен претставник или полномошник, за поднесување на понудата.
5. Доколку понудувачот е зависно друштво на владејачко друштво кое ќе влезе во потесниот круг, истиот потребно е да ја докаже својата техничка и финансиска способност со повикување на соодветниот технички капацитет и финансиска способност на владејачкото друштво, под услов тоа да ги прифати сите тендерски документи и безрезервно да прифати да го склучи договорот како трето лице Гарант, преземајќи целосна одговорност солидарно и поединечно со ИЗВЕДУВАЧОТ за соодветно извршување на Договорот. Во таков случај, владејачкото друштво - Гарант мора да ги обезбеди сите Документи за учество заедно со Понудувачот.

## A1.2 Сертификати

1. Понудувачите потребно е да доставаат релевантни докази, согласно со законодавство и околностите на државата во која се основани, со кои докажуваат дека ниту еден од следниве случаи не се однесува на нив:

   a. не е во стечај или дека не е поведена постапка за стечај, ликвидација, задолжително управување или слична ситуација според домицилното законодавство.
   b. Не е донесена кривична или прекршочна одлука поврзана со неговиот професионален интегритет и однесување.
   c. Против него не е изречена кривична или прекршочна санкција со која се забранува понудувачот да ја врши својата дејност.
   d. Ги има исполнето своите обврски за плаќање на придонесите за социјално осигурување, согласно законодавството на земјата каде што е основан.
   e. Ги има исполнето своите обврски за плаќање на даноците, согласно законодавството на земјата каде што е основан.
   f. Има финансиски капацитет за обезбедување на Опремата

2. Учесниците дополнително ќе обезбедат:

- Оригинален извадок од записникот од состанокот на органот на управување на понудувачот, во врска со одобрението за учество во оваа постапка и овластувањето на претставникот на понудувачот да ја потпише и поднесе понудата
- Уверение од кривична евиденција за сите членови на органот на управување
- Заверена копија од актот за основање на понудувачот
- Тековна состојба
- Потврда од надлежен орган за запишување на понудувачот во соодветните регистри (или слични на нив)
- Потврда од Централен депозитар за хартии од вредност или кој било сличен сертификат со кој се потврдуваат акциите на инвеститорите кои поседуваат повеќе од 5% од обичните акции на понудувачот, доколку понудувачот е акционерско друштво
- Официјален документ со кој се потврдува вистинскиот сопственик на понудувачот
- Потврда од Централен депозитар за хартии од вредност или кој било сличен сертификат за акциите на понудувачот на соодветната берза и нивната номинална вредност, доколку понудувачот е акционерско друштво кое котира на регулирана берза
- Официјални годишни финансиски биланси за последните 3 години (по можност во евра, доколку се достапни).

* Во случај понудувачот да не може да достави некој од документите наведени во точките 1 и 2 погоре, поради тоа што тој документ не се издава или не е достапен во земјата на основање на понудувачот, мора да се достави заверена Изјава со која се потврдува дека таквите документи не се издаваат во земјата на основање на

понудувачот и дека во секој случај на понудувачот не се применува ниту еден од горенаведените услови.

3. Понудувачот треба да достави писмена изјава дека ги прочитал и безрезервно ги прифаќа условите на тендерската документација и сите нивни измени и дека понудата е подготвена во согласност со условите на тендерската документација. Во случај Понудувачот да не ги прифати условите, тогаш понудувачот мора јасно да ги наведе во Техничкиот дел од понудата неговите предложени отстапувања, кои ќе бидат оценети од ОКТА АД Скопје .

* Сите потребни сертификати и други документи издадени од релевантни органи треба да бидат доставени во автентицирана форма (апостил или друга форма на потврда за заверка од назначен орган во земјата на основање). Доколку понудувачот не може, од објективни причини, да ги обезбеди автентицираните документи како дел од Техничката понуда, понудувачот ќе достави обични копии од документите, со Изјава во која ќе ги наведе причините за неможноста. Понудувачот дополнително ќе ги достави оригиналните заверени документи во период од не повеќе од 7 дена и во секој случај пред датумот на отворање на финансиските понуди.

## A2. Техничка понуда

Ковертот А ги содржи следните документи (Учесникот ќе ги достави во печатена копија, како и MS Office или pdf -документи на CD, а не на USB-стик):

a. Техничка понуда за изградба на ПРОЕКТОТ опишана во АНЕКС 1.

 **Техничката понуда не треба да содржи никакви цени или други финансиски услови**. Предложеното техничко решение треба да одговара на барањето на техничките спецификации (види АНЕКС 1). Понудувачот треба да ја вклучи целата релевантна техничка документација за предложената опрема: брошури, документи со податоци, цртежи, фотографии, сертификати итн.

b. Сите други технички податоци што се бараат со Техничкиот опис на ПРОЕКТОТ.

c. Предфизибилити студија за приносите на произведената ел. енергија определено со соодветна софтверска алатка за проектирање на ФВЦ (PV Sist, PV Sol., ACCA PV Solarius итн.).

d. Доказ за искуство во проекти со сличен обем и големина и листа на клучни клиенти и поконкретно две (2) години искуство во развој на ФВЦ постројки со вкупен капацитет над десет (10) MW. Учесникот мора да достави писмени референци во форма на три (3) писма со препораки/успешно завршување на изградба на постројки со вкупен капацитет од десет (10) MW. За избраните проекти, треба да се наведе обемот, клиентот, извршените работи, времетраењето на извршување и буџетот.

e. Валидна лиценца (А&Б) за проектирање и изведувач. Доколку соодветните градежни работи се изведувани од подизведувач, потребно е понудувачот во

својата понуда да  достави лиценца за подизведувачот како и валиден договор за соработка помеѓу понудувачот и подизведувачот.

f. Организациски план

g. Предложен временски распоред (термин план), Gantt  Дијаграм, со бројот на потребните работни смени. Проектот ќе биде завршен во рок од 12 месеци од испраќање на писмото за доделување

h. Список на супервизори и техничари. Треба да се обезбедат документи за обука и сертификација за супервизорот и техничарите, како и докази за нивното претходно искуство. Список на помошна опрема што се смета за неопходна, како и можни барања за нејзината соодветна употреба.

i. Учесникот треба да ја наведе секоја можна намера да користи подизведувач. Во тој случај, Понудувачот треба да го/ги наведе делот(овите) од ПРОЕКТОТ во кој/кои ќе биде ангажиран предложениот подизведувач, да обезбеди целосни детали за подизведувачот, доказ за искуството на подизведувачот во проекти од сличен обем и големина, листа на клучни клиенти за последните пет години како и важечки договор за соработка помеѓу понудувачот и предложениот подизведувач. Секој подизведувач и работи кои тој треба да ги изведе може да се користат само со одобрение од ИНВЕСТИТОРОТ.

j. Финансиска понуда без наведување на цени.

k. Список / изјава на неусогласеност (несообразност), со Правилата и Условите на ова барање за понуда, Општите услови, модел договорот, доколку е соодветно

l. Список на потребни дополнителни услуги, доколку ги има, во квалитет и во квантитет. Ве молиме имајте предвид дека горивата не може да ги обезбедува ОКТА АД .

m. Предложениот метод за постапување и отстранување на произведениот отпад. Методот мора строго да го следи локалното законодавство.

n. Понудувачот ќе обезбеди тим лидер задолжен за извршување на работите.

o. Понудувачот мора да се усогласи со предложената листа на продавачи обезбедена од ИНВЕСТИТОРОТ. Поконкретно, модулите мора да бидат од Топ 10 листата на претпочитани добавувачи на модули во 2021 година (види АНЕКС 1 ) и инверторите од Топ 10 листата на преферирани најголеми компании за соларни инвертери во светот во 2021 година (види АНЕКС 1 ).

p. Биографиите на раководителите на проектот и водечките техничари мора да бидат дадени на англиски јазик. Сите клучни членови на тимот треба да зборуваат и разбираат англиски.

q. Потпишани изјави:

    a. за усогласеност со одредбите од рокот на гаранцијата како што е наведено во АНЕКС 1 (ОПШТА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА).

    b. на усогласеност со правилата за безбедност и прифаќање на минималните барања за осигурување.

    c. за техничка поддршка и достапност на резервни делови најмалку пет (5) години

по истекот на гарантниот рок за секој соодветен дел од постројката.

d. дека целата понудена опрема е според барањата во листата на стандарди дадени во АНЕКС 1 (ОПШТА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА)

e. за прифаќање на SLA и минимални барања за изведба.

f. за прифаќање на следните пенали за изведба:

   i. Просечна загуба на неделен приход пресметана со формулата: Количини на загуба според конкретната недела пресметана со PV софтвер (користена во предфизибилити студија) помножена со неделната просечна цена на енергетската размена HUPX-30%.

   ii. Пенали поврзани со енергетските перформанси (како што е пропишано во АНЕКС 3 од Општата техничка спецификација)

   iii. Пеналите нема да надминат вкупно 5% од вредноста на договорот.

**<u>Коверт Б</u> : „ Финансиска понуда “**

Понудувачите потребно е да доставaт финансиска понуда за реализација на работите кои се предмет на ова Барање за понуда, како што е опишано во тендерската документација, со пополнување на табелите во ***АНЕКС 2: ФИНАНСИСКА ПОНУДА*** . Понудувачите треба строго да го следат форматот на наведениот АНЕКС при поднесување на нивната финансиска понуда.

Финансиската понуда ќе ги вклучува цените на понудените материјали (опрема), како и детална анализа на цената по понудена ставка. Финансиската понуда ја вклучува паушалната цена за вкупниот ОБЕМ НА РАБОТА, со анализа на расчленување.

Финансиската понуда ќе одговара на Условите за фактурирање и плаќање дефинирани подолу (види чл. 6.3). Учесникот има право да предложи алтернативни цени и начини на плаќање, но ОКТА не е обврзана да прифати фактурирање и услови за плаќање различни од оние наведени во чл. 6.3.

Понатаму, експлицитно е наведено дека пресметката на цените во врска со овој тендер е единствена одговорност на Понудувачот.

Понудените единечни цени нема да подлежат на никакво зголемување за целото времетраење на договорот и тие нема да се приспособуваат во врска со какви било промени во трошоците за работна сила, материјали или какви било други трошоци поврзани со Работите, општите трошоци или слично или било кој друг вид на трошоци.

Сите цени понудени во Финансиската понуда треба да ги вклучат сите трошоци поврзани со предметот на ова Барање за понуда, без вклучен данок на додадена вредност.

Финансиската понуда мора да биде потпишана од страна на Учесникот на начинот прикажан подолу:
Потпис: …………………………………………………………
Име: ………………………………………………………………………
Позиција: ………………………………………………….
Законски застапник на учесникот:

……………………………………………… (Назив на друштвото)
Адреса: …………………………………………………..
………………………………………………………………
………………………………………………………………
Датум: ……………………………………………………….

### 4.4 Јазик

Документите од Барањето за понуда се изработени на македонски и англиски јазик. Во случај на неусогласеност помеѓу двете јазични верзии, ќе преовладува македонската верзија. Понудувачите ќе ги достават своите понуди на англиски јазик, а македонскиот јазик останува изборен само како додаток кон понудата на англиски јазик. Двата јазика може да се користат за писмена комуникација меѓу инвеститорот и учесниците.

Доколку одредени информации добиени или разменети помеѓу страните на еден од јазиците треба да се споделат со сите учесници, инвеститорот ја презема обврската да обезбеди превод на тие информации на другиот јазик пред да ги сподели со Учесниците.

Инвеститорот го задржува правото да побара од понудувачите (за време на постапката) и од избраниот изведувач (по завршување на постапката) да обезбедат превод на англиски јазик на кој било документ добиен на македонски јазик, и обратно, превод на македонски јазик на кој било документ добиен на англиски јазик. Инвеститорот ќе го извести понудувачот/избраниот изведувач за видот на потребниот превод (заверен или не).

Избраниот изведувач на тендерот се обврзува да обезбеди заверен превод од англиски на македонски јазик или обратно на целата документација која ќе се смета како составен дел на договорот што треба да се потпише помеѓу Инвеститорот и избраниот изведувач, во период не подолг од 30 календарски дена од датумот на потпишување на Писмо за доделување.

### 4.5 Валидност на понудите

Понудите, вклучувајќи ги и финансиските понуди на учесниците, ќе важат најмалку три (3) месеци по крајниот рок за поднесување понуда дефиниран во чл. 4.1.

Учесниците се обврзани безрезервно да прифатат дополнително да ја продолжат важноста на нивните предлози на сопствен трошок за три (3) дополнителни месеци доколку тоа го побара ОКТА.

### 4.6 Интегритет на понудата

Се подразбира дека ОКТА АД ќе ги прифати како веродостојни информациите содржани во понудите на понудувачите за да ја донесе својата одлука за избор на најповолна понуда. Оттука, Учесникот изречно гарантира дека таквите информации се вистинити и точни. Понатаму, секој Учесник ќе достави придружни и потврдувачки информации, пред доделувањето на договорот, врз основа на разумно барање од страна на ОКТА АД.

## 4.7 Доверливост на процесот

Информациите во врска со разгледувањето, појаснувањето, евалуацијата и споредбата на понудите и препораките за избор на најповолна понуда нема да им бидат откриени на понудувачите или на кое било друго лице кое официјално не е вклучено во тој процес. Секој обид на Понудувачот да влијае врз обработката на понудите или одлуката за избор на најповолна понуда ќе резултира со итна дисквалификација на неговата понуда.

## 4.8 Измена и отповикување на понудите

a) Понудувачите може да ги менуваат или отповикаат своите понуди по поднесувањето на понудата, под услов писменото известување за измената или отповикувањето („Известување за измена/отповикување“) да биде примено од ОКТА пред крајниот рок за поднесување на понудите.

b) Секое известување за измена/отповикување ќе биде подготвено, запечатено, обележано и доставено со надворешни и внатрешни коверти дополнително означени како „ИЗМЕНА“ или „ОТПОВИКУВАЊЕ“, соодветно.

c) Ниту една понуда не смее да се менува по крајниот рок за поднесување на понудите.

d) Во известувањето за измена/отповикување треба да биде наведено точно која понуда се менува или отповикува. За да се избегне какво било сомневање, во случај на измена на понудата, Известувањето за измена/отповикување треба да ги содржи само измените што Понудувачот ги прави на понудата и нема да вклучува повторно поднесување на целата понуда.

# 5 ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОНУДАТА И ИЗБОР

## 5.1 Отворање на понудите

По истекот на рокот наведен во член 2, комисијата за евалуација назначена од инвеститорот, ги проверува податоците од Документите за учество вклучени во Коверт А и одлучува за оние понудувачи кои треба да бидат исклучени од понатамошната постапка.

Комисијата за евалуација ќе пристапи кон оценување на техничките предлози.

Ковертот Б ќе остане кај Комисијата за евалуација и ќе биде отворен само за успешните понудувачи по финализирањето на евалуацијата на податоците и информациите од Ковертот А според член 5.2.

Алтернативните понуди нема да бидат прифатени од ИНВЕСТИТОРОТ.

## 5.2 Процес на евалуација

<u>Општи белешки</u>

Во текот на целиот процес на евалуација, ОКТА АД може, по сопствена дискреција, да постави одредени прашања или да побара појаснувања од понудувачите со цел подобро да ги разбере и оцени нивните понуди. Понудувачите ќе треба да одговорат на прашањата и барањата на ОКТА АД во рокот наложен од ОКТА (обично во рок од 3

работни дена). Доколку понудувачот не одговори, тоа може да резултира со дисквалификација на понудата на понудувачот.

Понудувачите можат да ги доставаат своите прашања и барања за појаснувања до ОКТА АД писмено, по е-пошта, најдоцна ***5 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите***. ОКТА ќе одговори писмено на секое барање за појаснување во врска тендерската документација. Писмените копии од одговорот на ОКТА ќе бидат испратени по е-пошта до сите потенцијални понудувачи кои добиле тендерска документација, вклучувајќи опис на барањето, но без да се идентификува изворот. ОКТА ќе настојува веднаш да одговори на понудувачите, но секое одложување нема да се смета за причина за продолжување на датумот на поднесување на ПОНУДИТЕ.

Техничка евалуација

Понудите прифатени од Комисијата по евалуацијата на документите за учество и податоците од ковертот А ќе бидат технички оценети од ИНВЕСТИТОРОТ главно врз основа на критериумите наведени подолу, без особен редослед:

- Генерална состојба на Понудата. Понудата мора да биде структурирана според упатствата за учесниците и точно да одговара на сите наведени ставки.
- Референци на учесниците и искуство во слични проекти.
- Усогласеност со техничките барања и временскиот распоред на ИНВЕСТИТОРОТ.
- Проценка на предфизибилити студија
- Предложено спроведување на проектот: Ова го вклучува искуството на друштвото о слични проекти; искуството на персоналот; предложената постапка за спроведување на ПРОЕКТОТ; видот на опрема што се користи; список на подпродавачи за набавка на секаков вид материјали и опрема, список на подизведувачи по дејствие; процедурите за истовар/утовар за да се обезбеди успешно работење; времетраењето за извршување на работите; шаблоните на извештаите за испорачување; усогласеноста со прописите за безбедност итн.
- Усогласеност со сите услови наведени во Барањето за понуди на ОКТА АД , тендерските услови, како и  условите наведени во договорот.

Специфичните барања за сето горенаведено се аналитички опишани во придружните документи.

Финансиска евалуација

По завршувањето на горенаведената фаза, ковертите Б на оние понудувачи кои се технички прифатени и кои, во случај на барање на ОКТА АД, ги повлекле бараните коментари, отстапувања, исклучоци итн., ќе бидат отворени од ИНВЕСТИТОРОТ.

Помеѓу понудувачите кои ги исполниле критериумите наведени погоре,  договорот ќе се додели, во согласност со Дел 5.3 од ова барање за понуда, на понудувачот кој понудил најатрактивната понуда, врз основа на финансиската (Вкупниот трошок до сопственост) и техничката проценка.

Понудата може да се отфрли ако било која информација дадена од страна на Учесникот во понудата се утврди дека е неточна или ако Учесникот не ја потврди информацијата дадена во понудата како одговор на барањето на инвеститорот.

### 5.3 Преговори

Кога ќе заврши евалуацијата на понудите, ОКТА АД може да стапи во преговори со претпочитаните учесници/понудувачи за склучување на договорот.

На крајот од таквите преговори, инвеститорот може да побара од тие учесници да доставаат ревидирани финансиски понуди во затворени коверти.

Преговорите може да се водат преку е-аукција во согласност со инструкциите што ќе им бидат доставени на квалификуваните учесници од ОКТА.

### 5.4 Известување за избор на најповолна понуда

Известувањето за избор на најповолна понуда ќе биде доставено од страна на инвеститорот до избраниот Учесник во писмена форма во форма на писмо за доделување. По прифаќањето на писмото за доделување од страна на избраниот понудувач, овој документ ќе биде обврзувачки за Страните со оглед на постигнатиот договор. Релевантниот целосно склучен ДОГОВОР ќе биде подготвен и потпишан од двете страни, набргу по потпишувањето на писмото за доделување.

## 6 ПРАВИЛА И УСЛОВИ

ДАТУМ НА СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА: ДОГОВОРОТ стапува во сила на датумот кога Писмото за доделување потпишано од ИНВЕСТИТОР е испратено по е-пошта до ИЗВЕДУВАЧОТ.

### 6.1 Временски распоред на ПРОЕКТОТ

**ОКТА АД бара целиот ПРОЕКТ, ПРЕДМЕТОТ НА РАБОТА, вклучувајќи ги сите почетни активности, релевантните дозволи и сл. да се заврши најдоцна во рок од дванаесет (12) месеци од писмото за доделување.** Од избраниот понудувач (ИЗВЕДУВАЧ) ќе се бара да ги има потребните ресурси за да се мобилизира во бараното време. Изведувачот се обврзува да ги обезбеди сите потребни ресурси со цел да ги заврши работите доделени од Инвеститорот навремено и земајќи ги предвид ограничувањата за планирање на Инвеститорот.

### 6.2 Цени

Конечната цена ќе се смета како вкупен надоместок на Изведувачот за извршување на работите како што е наведено во Договорот. Меѓу другото, во цената ќе бидат вклучени долунаведените:

a. Добивката на изведувачот и добивката на подизведувачот (доколку има);
b. Снабдување со сета потребна опрема, материјали, работна сила и надзорен персонал, со сите потребни алатки и инструменти, вклучително и нивен транспорт до и од ЛИЦАТА и складирање на локацијата;
c. Сите трошоци за помошната опрема неопходна за изградба на Работите од предметот на Договорот.

d. Сите трошоци за плати, прекувремена работа, дневници, дополнителни трошоци за време на патување и патни трошоци, дневници, сместување во хотел и патување до и од локацијата.
e. Генерално, секој друг трошок што може да настане за целосна и соодветна изградба на ПРЕДМЕТОТ НА РАБОТА / ПРОЕКТОТ.
f. Сите давачки, царини и даноци, без ДДВ на фактурите на ИЗВЕДУВАЧОТ кон ОКТА АД.

Сите цени договорени во ДОГОВОРОТ се фиксни за целото времетраење на Договорот и не подлежат на ескалација или зголемување на цената од која било причина, освен ако не е поинаку дефинирано во Договорот.

### 6.3 Услови за фактурирање и плаќање

За материјали и опрема: 100% од вредноста на материјалите и опремата испорачани на локацијата (DDP) ќе бидат фактурирани, според напредокот на испораките на локацијата и по потврда на испораките од ОКТА.

За работи: 100% од вредноста на потврдените работи и на работите на инсталираните материјали и опрема ќе биде фактурирана според напредокот на работите согласно соодветната потврда и по прифаќање на потврдените работи од ОКТА.

Фактурите ќе се издаваат на крајот на секој месец во согласност со напредокот направен во изминатиот месец, согласно потврденото од ОКТА.

Генерално, предложените услови за плаќање се:

a. Плаќањето ќе се изврши ***40 дена*** по датумот на фактурата, под услов фактурата да биде издадена како што е наведено погоре и да е точна.

b. ***авансно плаќање од 10%*** **може да биде прифатено** и да се изврши плаќање во рок од триесет (30) дена по приложување на валидна фактура заедно со банкарска гаранција на прво барање за авансно плаќање.

   Изведувачот ќе треба да обезбеди гаранција за авансно плаќање еднаква на износот на авансно плаќање (види **АНЕКС J** : Модел гаранција за авансно плаќање). Гаранцијата за авансно плаќање ќе му биде вратена на изведувачот 30 дена откако од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ ќе биде извршена целокупната услуга/работа која била предмет на авансното плаќање.

c. **10% (десет проценти)** од сите фактурирани износи ќе бидат задржани од ИНВЕСТИТОРОТ како дополнителна гаранција, чиј збирен износ ќе го претставува „ЗАДРЖАНИОТ ИЗНОС “. ЗАДРЖАНИОТ ИЗНОС ќе се исплати во рок од 60 дена по завршувањето на пуштањето во употреба, почнувањето со работа на ФВЦ, испораката на целата договорна документација, издавањето на сите релевантни дозволи од локалните власти, потпишување на Записникот за примопредавање од двете страни.

### 6.4 Гаранција за добро извршување

ИЗВЕДУВАЧОТ ќе ги достави следните банкарски гаранции:

1. Гаранција за добро извршување во рок од петнаесет (15) календарски дена по потпишувањето на писмото за доделување, во износ еднаков на 10% од вкупната

ВРЕДНОСТ на ДОГОВОРОТ, намалена за делот што одговара на услугите за одржување. Оваа гаранција ќе му биде вратена на ИЗВЕДУВАЧОТ три (3) месеци по издавањето на потврдата за конечно прифаќање; КОНЕЧЕНА ПОТВРДА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ќе издаде ИНВЕСТИТОРОТ по истекот на ГАРАНТНИОТ ПЕРИОД од две (2) години.

2. Гаранција за добро извршување за обезбедување на услуги за одржување, во износ еднаков на 10% од просечната годишна вредност на три (3) годишниот договор за одржување. Гаранцијата ќе се достави во рок од петнаесет (15) календарски дена по издавањето на КОНЕЧНАТА ПОТВРДА ЗА ПРИФАЌАЊЕ.

Двете наведени гаранции ќе бидат издадени во корист на ИНВЕСТИТОРОТ од првокласна банка, прифатлива за ОКТА, која работи во Република Северна Македонија.

Гаранциите што ќе се издаваат треба да бидат неотповикливи, безусловни и наплатливи на прво писмено барање. Во секој случај, Инвеститорот ќе има право на непосредна исплата од страна на Банката, на нејзино прво писмено барање до целиот износ на гаранцијата, без оглед на било каков протест од страна на Изведувачот или трета страна. Моделот на гаранцијата за добро извршување е приложен како **АНЕКС К.**

Банкарските гаранции за добро извршување ИЗВЕДУВАЧОТ мора да ги обезбеди во форма на банкарска гаранција од локална банка на македонски јазик. Изборот на Банката е предмет на одобрение на ОКТА.

ОКТА го задржува правото да побара замена на банкарските гаранции доколку, за време на траењето на договорот, оцени по сопствена дискреција дека кредитната способност на Банката што ги издала Банкарските гаранции се влошува.

### 6.5 Договорна казна

Поради значајноста на целиот ПРОЕКТ, ќе се применуваат следните договорни казни во случај на доцнење со завршување на Работите (сите или делумно) опишани во став 6.1:

Договорната казна за доцнење со завршување на целиот ПРОЕКТ е договорено да биде 0,05% од договорениот износ, за секој ден на пречекорување на рокот по соодветната активност.

Максималниот вкупен збирен износ на договорна казна за доцнење нема да надминува **пет проценти (5%) од вкупната вредност на договорот,** во кој случај ИНВЕСТИТОРОТ го задржува правото повторно да преговара или да го раскине договорот.

Договорната казна ќе се примени врз основа на горенаведените проценти од вкупната вредност на договорот, без разлика на вредноста на задоцнетите работи, опрема или документација.

Износот на евентуално изречената договорната казна ќе биде задржан од идните плаќања кон ИЗВЕДУВАЧОТ.

### 6.6 Осигурително покритие

ИЗВЕДУВАЧОТ мора да ги достави договорите за осигурување според барањата на ОКТА.

### 6.7 Општи услови на договорот

Општите услови на ДОГОВОРОТ ќе бидат оние вклучени во модел договорот кој е дел од ова Барање за понуди.

### 6.8 Гаранција / Гарантен период

Минималниот ГАРАНТЕН ПЕРИОД на испорачаниот проект се определува на период од две (2) години од датумот на потпишување на ЗАПИСНИКОТ ЗА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ.

Секој испорачан материјал или опрема придружена со гаранција од производителот што ***надминува 2 години*** ќе продолжи да важи, без оглед на вкупниот ГАРАНТЕН ПЕРИОД НА ПРОЕКТОТ.

КОНЕЧНАТА ПОТВРДА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ќе ја издаде ИНВЕСТИТОРОТ по истекот на ГАРАНТНИОТ ПЕРИОД на ПРОЕКТОТ, под услов ИЗВЕДУВАЧОТ да се придржува и да обезбеди гаранции согласно предвиденото погоре.

ИЗВЕДУВАЧ гарантира вршење на сите поправки или повторни изведби, вклучително и евентуална корекција на повторните изведби (со известување од 15 дена) извршени во текот на гарантниот период, за дополнителен период од 12 месеци од датумот кога таквите поправки или повторни изведби се направени. Во горенаведениот случај, важноста на гаранцијата за добро извршување (банкарската гаранција) ќе биде соодветно продолжена и соодветните трошоци ќе бидат на товар на ИЗВЕДУВАЧОТ.

### 6.9 Услови на постапката

1. Гаранција: Учесниците прифаќаат дека информациите содржани во доставените предлози ќе ги користи ОКТА АД Скопје во одлуката за доделување EPC изведувач за изградба на проект за дистрибуирана енергија - фотоволтаична централа од 12 MW моќност во кругот на ОКТА (по принципот клуч на рака) и затоа Учесниците изрично гарантираат дека информациите се вистинити и точни. Дополнително, секој Учесник се обврзува да обезбеди какви било дополнителни и помошни информации пред изборот, што може да бидат разумно барани од ОКТА АД Скопје. ОКТА не е обврзана да прифати каква било понуда и да го додели ДОГОВОРОТ на понудувачот/понудувачите кои понудиле најниска цена.
2. Пред поднесување на понудата, секој учесник има одговорност да:
    2.1. Ги разгледа сите документи што го придружуваат ова Барање за понуда и да ги земе предвид сите релевантни закони, регулативи и одредби од законодавството на Република Северна Македонија кои можат да влијаат на трошоците, напредокот, ефективноста итн. на услугите вклучени во предметот на ова барање за понуда.
    2.2. Учествува во посетата на објектите на ОКТА АД Скопје кои се вклучени во ова барање за понуда за да се запознае со предметот на барањето за понуда како и со општите и локалните услови кои на кој било начин можат да влијаат на трошоците, напредокот, ефективност, итн. на услугите вклучени во предметот на ова барање за понуда.
3. Валидноста на понудата треба да биде во согласност со барањето од §4.5.

4. Ова барање за понуда на ниту еден начин не ја обврзува ОКТА АД. ОКТА АД Скопје го задржува правото:

   4.1. Да го откаже, измени, додели дел од предметот или го одложи тендерот од која било причина, без никакви обврски.

   4.2. Да ја одбие секоја понуда што не е во согласност со условите на барањето за понуда.

   4.3. Да ги дисквалификува оние понуди кои нема да бидат доставени во роковите предвидени овде.

   4.4. Да ги продолжи роковите во секое време во текот на процесот.

   4.5. Да преговара со еден или повеќе Учесници. Преговорите може да се водат и преку е-аукција во согласност со која ОКТА ќе се обрати до квалификуваните учесници.

   4.6. Да не резултира со избор на изведувач, како резултат на конкретното барање.

5. Ова барање за понуда ***не е договор*** помеѓу ОКТА АД и Учесникот, или понуда за договор.

6. Во случај на конфликт или недоследност помеѓу одредбите на ова барање за понуда и оние од прилозите, ќе преовладуваат одредбите од ова барање.

7. ОКТА АД не е обврзана да прифати каква било понуда и да го додели ДОГОВОРОТ на учесникот/понудувачот кој понудил најниска цена.

8. Ништо во ова барање за понуда, било која понуда, или било која постапка или изјава дадена пред или по објавувањето на ова барање не треба да се толкува така што ќе доведе до настанување на договорни обврски, изречни или имплицитни, или какви било капитални обврски. ОКТА АД не гарантира како ќе се спроведува процесот на евалуација на понуди.

9. Дополнителни информации/појаснувања за предлозите или презентација може да се побараат од понудувачот(ите). Сите релевантни трошоци (превоз, посети на локацијата итн.) ќе бидат покриени од Понудувачот.

10. ОКТА АД Скопје ќе вложи максимални напори да одговори што е можно побргу на барањата на учесниците доставени во роковите наведени овде, но секое одложување нема да претставува причина за продолжување на датумот за поднесување на понудите.

11. ОКТА АД нема да им надомести на учесниците никакви трошоци кои тие ги имале за подготовка и доставување на нивните понуди и за договарање на договорите, вклучувајќи какви било посети на објектите на ОКТА.

12. ОКТА АД по сопствена дискреција може да обезбеди или побара дополнителни информации од учесниците, вклучително и презентација, под услов таквите дополнителни информации да бидат испратени до сите учесници на истиот ден. Овие информации и појаснувања ќе бидат дистрибуирани од ОКТА АД и ќе бидат составен дел од документите што го сочинуваат ова барање. Дополнително, во случајот на избраниот ИЗВЕДУВАЧ, дополнителните информации што ќе ги достават учесниците ќе бидат составен дел од нивната Понуда и договорот.

13. ОКТА АД го задржува правото да ја одложи, презакаже или откаже оваа постапка, како и да го измени временскиот распоред на Барањето за понуда и воопшто на постапката, во секое време, или да ја повтори понудата, по сопствена дискреција без да сноси никаква одговорност кон учесниците на тендерот и/или трети лица. Учеството во постапката е единствено на одговорност и трошок на учесникот. Учесникот нема никакви права за надомест за своето учество, освен оние наведени во овој документ. Самото учество во постапката ќе претставува потврда за целосно и безусловно прифаќање на тендерските услови од страна на Учесникот.

14. По завршување на постапката, ОКТА АД ќе ги извести учесниците чии понуди се одбиени. Сепак, ОКТА АД не е обврзана да го објаснува одбивањето на нивните понуди или да дава какви било информации во врска со резултатите од евалуацијата на понудите.

15. ОКТА АД го задржува правото да направи каква било измена во врска со оваа понуда, во секое време во текот на предметната постапка. Сите измени ќе бидат доставени во писмена форма до сите понудувачи. Можните дополнителни понуди кои ги исполнуваат условите од овие измени ќе бидат доставени потпишани од страната што ја потпишува првичната понуда и ќе бидат составен дел на првичната понуда.

16. ОКТА АД го задржува правото да стапи во преговори со успешниот Учесник по процесот на евалуација и пред склучување на Договорот.

17. Договорот ќе биде составен и ќе се толкува во согласност со законите на Република Северна Македонија. Сите спорови кои произлегуваат од или во врска со договорот, конечно ќе се решаваат под судовите во Република Северна Македонија.

18. Договорот ќе биде изготвен и потпишан и на македонски и на англиски јазик, чијашто македонска верзија ќе преовладува. Целата писмена комуникација меѓу страните ќе биде на македонски и/или англиски јазик.

19. Учесниците мора да се усогласат со сите важечки прописи и стандарди.

20. Сите учесници/добавувачи треба да соработуваат и да ја советуваат ОКТА АД за време на сите активности кои произлегуваат од предметот на овој проект.

21. Сите потребни одобренија од Република Северна Македонија или од кои било други власти треба да се добијат навремено од страна на избраниот понудувач за да не се загрози договорениот временски распоред. Избраниот понудувач/ИЗВЕДУВАЧ не е одговорен за какво било можно доцнење во прибавувањето на дозволите кое ќе биде предизвикано од властите на Република Северна Македонија. Сепак, избраниот понудувач/ИЗВЕДУВАЧ е должен да ја информира ОКТА АД за напредокот на процесот на прибавување на дозволите. ИЗВЕДУВАЧОТ мора да ги земе предвид сите изјави вклучени во веќе доставените документи за прибавување дозволи до властите на Република Северна Македонија.

22. Доверливост: Страните ќе ги третираат условите на понудата или/и на договорот како строго доверливи и нема да ги откриваат на трети страни, освен во случаите предвидени со закон.

23. Доколку се утврди дека Учесникот дал лажни или погрешни тврдења или изјави, ОКТА АД го задржува правото во секое време да ја отфрли секоја понуда поднесена

од или во име на тој Учесник. Учесниците треба да бидат свесни дека давањето лажни или погрешни информации е сериозно кривично дело според Кривичниот законик.

24. На учесниците им е забрането да формираат сојуз или да разменуваат информации во текот на постапката, насочени кон нарушување на интересите на ОКТА АД или кон исклучување на други понудувачи.

25. Учесниците треба да вложат максимални напори да избегнат дејствија или состојби кои би довеле до конфликт со интересите на ОКТА АД и да ја почитуваат деловната етика и деловните стандарди на ОКТА АД.

26. Учесниците мора во нивните понуди да обелоденат какви било потенцијални или реални конфликти на интереси што може да ги имаат или може да се смета дека ги имаат во однос на нивните одговорности кон ОКТА АД и другите страни во текот на извршувањето на активностите, доколку бидат избрани за најуспешен понудувач. Идентификацијата на конфликт на интереси или на согледан конфликт на интереси нема автоматски да го исклучи Учесникот од процесот на евалуација. ОКТА АД ќе го процени потенцијалното влијание на конфликтот или согледаниот конфликт во врска со понудата пред да се донесе конечна одлука. Сепак, одлуката на ОКТА АД за исклучување ќе биде конечна.

27. На учесниците им е исто така забрането да дадат понуда со цена помала од цената на Работата.

28. Учесниците и ИЗВЕДУВАЧОТ немаат право Договорот или делови од него или правата или обврските кои произлегуваат од понудата или договорот да пренесуваат, продаваат, изнајмуваат или доделуваат на трето лице на кој било начин дури и со поддоговор или пренос, без претходна писмена согласност од ОКТА АД.

29. ОКТА АД Скопје нема да биде обврзана да им обезбедува исхрана на вработените на ИЗВЕДУВАЧОТ или да го организира нивниот превоз до и од ЛОКАЦИЈАТА.

30. Условите и ограничувањата содржани во ова барање за понуда се во корист на ОКТА АД Скопје, која има право да се откаже од нив, без да им создава никакви права на учесниците или на трети лица.

31. Прифаќањето од страна на ОКТА АД Скопје на понуда поднесена од Учесник ќе создаде неотповиклива обврска за соодветниот учесник, веднаш по датумот на прифаќањето на Писмото за доделување, да пристапи кон потпишување на предложениот договор според условите на ова барање за понуда. ИЗВЕДУВАЧОТ е должен да го потпише Писмото за доделување  во рок од 5 работни дена. За датум на прифаќање на понудата ќе се смета датумот на испраќање на писмото за доделување. Доколку ИЗВЕДУВАЧОТ одбие да го потпише релевантниот договор во рок од десет (10) работни дена од датумот на Писмото за доделување, тогаш ИЗВЕДУВАЧОТ автоматски ќе се смета дека не успеал да го прифати доделување. Во овој случај, ОКТА АД го задржува правото да продолжи со избор на друг ИЗВЕДУВАЧ.

32. Постапките од оваа Покана и договорите што ќе се потпишат ќе бидат во надлежност на Основниот граѓански суд Скопје.

## 6.10 СПИСОК НА ПРИЛОЗИ

**ПРИЛОГ 1** : ОПШТИ ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**ПРИЛОГ 2** : МОДЕЛ НА ФИНАНСИСКА ПОНУДА

**ПРИЛОГ 3** : ПИСМО ЗА УЧЕСТВО

**ПРИЛОГ 4** : МОДЕЛ НА ДОГОВОР ЗА УСЛУГИ

**ПРИЛОГ 5** : ПРЕДМЕТ НА ПРОЕКТ

**ПРИЛОГ 6** : ГЕОМЕХАНИЧКИ ЕЛАБОРАТ

**ПРИЛОГ J:** МОДЕЛ ГАРАНЦИЈА ЗА АВАНСНО ПЛАЌАЊЕ

**ПРИЛОГ К:** МОДЕЛ ГАРАНЦИЈА ЗА ДОБРО ИЗВРШУВАЊЕ